РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-225/3
17-06-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на ден 10.06.2024 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-5958/1, оформен по пријава со наводи за злоупотреба на службената положба од страна на министерката за ------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што постапил надлежен орган и не констатирал неправилности.

Предметот со број 12-5958/1 од 30.12.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 30.12.2023 година доставена е електронска пријава против министерката за ----------- ------------ -------------, која содржи наводи за злоупотреба на службената положба, со укажување дека истата донела Решение за остварување на правото на додаток на плата за месец јуни 2023 година за вработената ------------ --------------, која со овластување извршила работи и задачи од делокругот на работното место ----------------- на Сектор за инспекција во одбраната - ---------- ------------- во Министерство за ----------, заради „зголемен обем на работа„ во период кога истата користела годишен одмор согласно Решение за користење на дел од годишен одмор од 2022 година.

Подносителот во прилог на електронската пријава доставил Решение за користење на дел од годишен одмор за 2022 година донесено на 21.06.2022 година и Решение за остварување на право за додаток на плата за месец јуни 2023 година за вработената ----------- --------------.

Со цел утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК се обрати до Државниот инспекторат за труд со Барање за доставување на информации и проверување на наводите на пријавата преку вршење на инспекциски надзор во Министерство за -------------.

Државниот инспекторат за труд (ДИТ) достави одговор до ДКСК во прилог на кој доставиле: Записник за извршен надзор од 31.01.2024 година, Решение за користење на дел од годишниот одмор за 2022 година за административниот службеник ------------ --------------, Решение за остварување на правото на додаток на плата од 26.07.2023 година, Предлог за остварување на право на додаток на плата за месец јуни 2023 година од 03.07.2023 година, Решение за овластување за потпишување на акти од 31.01.2022 година, Решение за овластување од 31.01.2022 година, Решение за овластување од 04.04.2022 година, Решение за овластување од 22.12.2023 година, Решение за овластување за потпишување на акти од 22.12.2023 година, Решение за овластување од 22.12.2023 година и извадок од електронското евидентирање на работното време са месец јуни 2023 година за работникот ------------ --------------.
Во записникот за извршен надзор во Министерството за ----------- се наведува дека Државниот инспектор извршил вонреден инспекциски надзор кај работодавачот Министерство за -----------, кој ја доставил до ДИТ горенаведената документација и од извршениот увид во погоре наведените документи се утврди следното:
На 25.04.2023 година работодавачот (Министерство за -------------) донел решение за користење на годишен одмор за 2022 година, со кое решение на административниот службеник ------------ --------------,, му одобрил користење на годишен одмор во траење од 19 работни дена во период од 06.06.2023 до 30.06.2023. Од друга страна, работодавачот донел Решение за овластување и Решение за овластување за потпишување на акти на датумите 31.01.2022, 04.04.2022, 22.12.2023, со кои вработената ------------ --------------, --------------- на Одделение за инспекција на цивилната - -------------------------, во Сектор за инспекција во одбраната во Министерство за ----------- се овластува да потпишува акти од делокругот на работното место раководител на Сектор за инспекција во одбраната-главен инспектор.
Врз основа на член 57 став 1од Законот за организација и работа на органите на државната управа, член 9 од Законот за извршување на буџетот на РСМ за 2023 година и член 8 од Уредбата за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници на централната власт, работодавачот на 26.07.2023 донел Решение за остварување на правото на додаток на плата за вработената, со тоа што утврдил додаток на плата во износ од 30% од основната плата, поради зголемен обем на работа и специфичност на работата за месец јуни 2023 година.

Од извршениот увид во електронската евиденција за работното време за работникот за месец јуни 2023 година, ДИТ утврдил дека именуваниот работник и покрај решението за правото на користење на дел од годишниот одмор за месец јуни, го евидентирала своето присуство на работа на деновите 01, 05, 06, 07, 09, 12, 13, 15, 21 и 22.06.2023 година.
Врз основа на сето наведено ДИТ ги констатира за неосновани наводите од пријавата.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај од причина што постапил надлежен орган при што не се потврдуваат наводите од пријавата и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Одобрил: Б.К.Ш., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата